**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**СКОПЈЕ**
Бул. „Гоце Делчев“ 9а, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401

# Програма за доживотно учење

# ПОЛСКИ ЈАЗИК

| | |
|---|---|
| Назив на единицата | Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>Катедра за славистика |
| Назив на програмата | Програма за доживотно учење:<br>Полски јазик |
| Координатор на програмата | Наталија Лукомска, лектор по полски јазик од Полска |
| Контакт информации | Е-маил адреса на координаторот и/или телефон<br>natalia_lukomska@o2.pl |
| Причини за воведување на програмата | Причината за воведување на програмата за полски јазик во рамките на комерцијалните курсеви е можноста сите заинтересирани страни да се запознаат со полскиот јазик, да стекнат основни познавања од граматичкиот и лексичкиот систем на полскиот јазик и брзо и лесно да го зборуваат |
| Целна група/за кого е наменета програмата, број на слушатели и предуслови за запишување | Курсот е наменет за сите оние кои сакаат да ги совладаат основите на полскиот јазик (приближно ниво А1-А2-Б1), да ги совладаат падежите, да го користат полскиот јазик во секојдневната комуникација и брзо и лесно да го зборуваат јазикот. |
| Цели и задачи на програмата | Цели: По завршувањето на овој курс студентите ќе покажат практично знаење по полски јазик (во пишана и усна форма) на соодветното ниво согласно Заедничката европска референтна рамка за јазици (CEFR). За нивото А1 опфаќа:<br>При читање - совладување на основите на изговорот, читање едноставни текстови, совладување на навиките за акцентот во полскиот јазик.<br>При пишување - запознавање со полската азбука, совладување на основите на ортографијата, можност за пишување на едноставни искази на полски јазик.<br>При слушање - можност за перцепција и разбирање на основни искази на полски јазик. |

| | |
|---|---|
| | При говорење - можност за самостојно составување изрази, сфаќање на изразните средства при говорот, основи на комуникацијата во полскиот јазик.<br>Задачи: Задачата на програмата е да го направи материјалот и она што се учи интересно и лесно и веднаш применливо во секојдневниот говор за секој што учи полски јазик.<br>Начин на изведување: онлајн<br>Место на изведување на наставата/обуката<br>ZOOM |
| Траење на програмата | Вкупно траење: 48 часови (два пати неделно 2x2 часа)<br>Датум на почеток:<br>Датум на завршување: |
| Цена на програмата /обуката | Согласно одлуката на Факултетот |
| Структура на програмата | Предвидени часови/саати во тек на денот: Предвидени се вкупно 48 часа кои се реализираат двапати неделно по 2 часа (времетраење на еден час<br>Број на недели, месеци или семестри: 12 недели, 3 месеци |
| Основни предмети/теми | Код на предметот/темата<br>Назив на курсот: Курс по полски јазик<br>Предуслови: Нема<br>Краток опис на содржината: На нивото А1 се усвојува лексика во комуникативен контекст преку следниве содржини: броеви, денови од неделата, држави и националности, телефонски броеви, мали предмети од секојдневниот живот, сувенири, луѓе и семејство, бои и често употребувани придавки, храна и пијалоци, чести глаголски фрази, изрази поврзани со секојдневниот живот, рутината на денот и слободното време, спорт, видови на филмови, облека, патување итн. Од јазичните структури се воведуваат и усвојуваат падежите (Номинатив еднина со фокус на машки, женски и среден род и Номинатив множина немашколичен род, Инстументал, Акузатив, Генетив и Локатив, сите три конјугации и време сегашно, минато, идно (без идно свршено). Јазичните вештини читање, слушање и зборување се вежбаат преку кратки дијалози, |

| | |
|---|---|
| | текстови и ситуации на соодветното ниво додека јазичната вештина пишување се усвојува преку пишување на следниве видови текстови: пополнување на формулар, коментар на слика, пишување и-мејл и пишување пост на блог, карактеристика на човек, извештај од патување.<br>На нивото А2 се усвојува лексика во комуникативен контекст преку следниве содржини: чести глаголски фрази, лексика за опис на физички изглед и карактер на луѓе, историја на семејството, биографија, факти од минато, изразување мислење на различни теми (фрази), работа и работно искуство, образование и планови за во иднина, град, село, природа и животни - споредување, аргументирање, врски со луѓе, пријателство, љубов, домашни уреди, техника, пронајдоци, расположение, туризам, Полска - рецепти, диети, традиции, празници и прослави, медиуми - интернет, кино, телевизија. Од јазичните структури се усвојуваат: Номинатив плурал машколичен род, главни и редни броеви, глаголски вид (минато и идно време), компаратив и суперлатив на придавките и прилозите, сложени реченици со że и żeby, условни реченици, рекција на глаголот, деклинација на проблематични именки, Датив, одглаголски именки, безлични форми на глаголот, партиципи, пасивни реченици, императив, индиректен и прекажан говор. Јазичните вештини читање, слушање и зборување се вежбаат преку дијалози, текстови и ситуации на соодветното ниво, додека вештината пишување се усвојува преку пишување на следниве видови текстови: опис на личност, опис на фотографија, приватен и-мејл, формален и-мејл, биографија, аргументационен текст, честитки, резиме, статија, рецепт, рецензија.<br>На нивото Б1 се усвојува лексика во комуникативен контекст преку следниве содржини: начини на учење и положување испити (фразеологија), мода и убавина, животен стил, храна и готвење, живот во странство, обврски, услуги, пари и економија, политика, несреќни случувања, природа, клима, екологија, медиуми, реклама, култура, вера и вероисповед. Од јазичните структури се усвојуваат: условни реченици, деклинација на неопределени и прашални заменки, директен и прекажан говор, датив, деклинација на негативни заменки nikt, nic, żaden, редослед во негативни речениси со повратна |

| | |
|---|---|
| | заменка się, локатив во предлозни конструкции што опишуваат предмет, деклинација на заменките jaki, który, czyj, деклинација на именката ksiądz. Јазичните вештини читање, слушање и зборување се вежбаат преку кратки дијалози, текстови и ситуации на соодветното ниво, додека вештината пишување се усвојува преку пишување на следниве видови текстови: формулар, кратка информативна белешка, рецепти, неформален и формален и-мејл, молба, кратка информација за медиуми, резиме со сопствен коментар, рекламен слоган, коментар, мислење, рецензија<br>Забелешка: Пред започнувањето на студиите, се тестира јазичното ниво на студентот и потоа се одредува за кое ниво ќе слуша настава |
| Резултати од учењето | Стекнати знаења:<br>Користење на полскиот јазик во секојдневната комуникација, совладување на основите на полскиот јазик, граматиката и правописот |
| Методологии за оценување | Типови на оценување: усно и писмено<br>Испити: краток тест/квиз на знаење, по што сите учесници ќе добијат сертификати за завршување на курсот |
| Скала за оценување | до 50 бода - незадоволителен<br>од 51 до 60 бода - задоволителен<br>од 61 до 70 бода - доволен<br>од 71 до 80 бода - добар<br>од 81 до 90 бода - многу добар<br>од 91 до 100 бода - одличен |
| Наставен кадар што учествува во наставата/обуката | Име и презиме   Звање   Област на специјализација<br>1  д-р Наталија Лукомска, странски лектор по полски јазик (одговорен наставник) на Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје |
| Други учесници во наставата/обуката | Име и презиме   Звање   Улога<br>1. Надворешен соработник |
| Ресурси и поддршка | Пристап до библиотека:<br>Онлајн алатки за учење<br>M. Małolepsza, A. Szymkiewicz   Hurra!!! Po polsku 1. Podręcznik studenta A1   Prolog, Kraków   2020<br>A. Dixon, A. Jasińska   Hurra!!! Po polsku 2. Podręcznik studenta A2   Prolog, Kraków   2020 |

| | |
|---|---|
| | A. Burkat, M. Małolepsza, A. Jasińska Hurra!!! Po polsku 3. Podręcznik studenta B1 Prolog, Kraków 2020<br>Услуги за поддршка на студенти |
| Процес на запишување | Начинот и роковите на пријавување на кандидатите ќе биде објавено на веб страницата на Факултетот |
| Сертификат/бодови ии кредити (ако е предвидено) | По успешно завршување на обуката и положување на испитот, учесниците ќе добијат сертификат. |
| Оценка на програмата (евалуација) | Механизми за повратни информации: анкета за евалуација на програмата<br>Честота на оценување/анкетирање: на крајот на програмата |
| Дополнителни информации | / |